РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
АКАДЕМИЈА ЗА СУДИИ И ЈАВНИ ОБВИНИТЕЛИ ПАВЕЛ ШАТЕВ

IDSCS | Institute for Democracy Societas Civilis -Skopje

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
Јавна установа Академија за судии и јавни обвинители
Institucioni publik Akademija për gjykatës dhe prokuror publik
ПАВЕЛ ШАТЕВ-PAVELL SHATEV
Бр.-Nr. 03-207/1
14. 07. 2020 год.-viti
Скопје-Shkup

МЕМОРАНДУМ ЗА СОРАБОТКА

помеѓу

1. **Академија за судии и јавни обвинители „Павел Шатев"**, со седиште на бул. „Јане Сандански" бр. 12, во Скопје, претставувана од директорката, г-ѓа Наташа Габер-Дамјановска

и

2. **Институт За демократија „Социетас Цивилис" Скопје** со седиште на Мирослав Крлежа бр 52 ½, Скопје 1-2 претставуван од Марко Трошановски во функција на Претседател

Академијата за судии и јавни обвинители „Павел Шатев" и Институт За демократија „Социетас Цивилис" Скопје (во натамошниот текст „потписници"), потврдувајќи ја заедничката заложба да дадат свој придонес за зајакнување на капацитетите на судството преку развивање меѓусебна соработка на полето на истражување на судската култура и создавање на наставни содржини за континуирана едукација на судиите и јавните обвинители, се договорија за следното:

Член 1

Со овој Меморандум се регулираат правилата на меѓусебната соработка и координација на активности меѓу Академијата за судии и јавни обвинители „Павел Шатев" и Институтот За демократија „Социетас Цивилис" Скопје

Член 2

Соработката меѓу потписниците на овој Меморандум ќе се остварува во рамки на проектот „Премостување на јазот помеѓу формалните процеси и неформалните практики кои ја обликуваат судската култура во Западен Балкан", преку:

- Консултација на претставници на Академијата со истражувачите на проектот при дизајнирање на истражувачката методологија
- Учество на претставници на Академијата во проектните истражувачки активности (интервјуа и фокусни групи)

- Присуство на 2 конференции и една работилница во Скопје
- ИДСЦС со своите проектни партнери се обврзува да развие анализа која ќе се однесува на 4 димензии на судската култура во Северна Македонија, Србија и Албанија: улогата на судиите во развој на правото; судско само-управување и пост социјалистичка судска култура; улогата на вишите судови во обезбедување на униформна примена на правото; важноста на судската независност кај судиите.
- Академијата ќе ги вклучи проектните истражувачки продукти во наставните програми за судии и јавни обвинители.

Член 3

Спроведувањето на овој Меморандум ќе се овозможи со подготвувањето на програмите за работа на потписниците, во кои се определуваат темите и опфатот на соработка и организационите прашања.

Член 4

Соработката утврдена со овој Меморандум, потписниците ќе ја остваруваат преку лица овластени за контакт.

Меморандумот ќе биде предмет на постојана заедничка анализа со цел за унапредување на соработката.

Член 5

Овој меморандум за соработка може да се измени со писмен договор меѓу двете страни.

Секој од потписниците може да го раскине истиот по истекот на еден месец откако по писмен пат ја известила другата страна за раскинувањето:

-ако другата страна не ги почитува обврските зацртани во овој меморандум.

Член 6

Овој Меморандум ќе влезе во сила од денот на неговото потпишување и ќе важи за временски период од три години под услов проектот да биде одобрен за финансирање од страна на владата на Холандија.

Потпишан во Скопје на 13 јули, 2020 година

Академија за судии и јавни обвинители
„Павел Шатев"

Директор,
Проф. Д-р Наташа Габер- Дамјановска

Институт за демократија
Социетас Цивилис Скопје

Претседател,
Марко Трошановски

СОЦИЕТАС ЦИВИЛИС ИДСЦС СКОПЈЕ